Михаило АПОСТОЛСКИ

# 40 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА КРУПНИТЕ ВОЕНИ ЕДИНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА*

На денешен ден, пред четириесет и две години со востаничките истрели во Прилеп и Куманово, македонскиот народ започна да ја испишува најсветлата страница во својата историја. На 11 Октомври 1941 година македонскиот народ самостојно и свесно се вклучи во заедничката борба што ја водеа против фашистичките окупатори народите и народностите на Југославија под раководство на Комунистичката партија и другарот Јосип Броз Тито. Со ова македонскиот народ ја презеде во свои раце сопствената судбина и се определи низ вооружена борба, заедно со другите народи и народности на Југославија, да ја извојува својата национална и социјална слобода.

Беше тоа победа на линијата на Комунистичката партија на Југославија за вооружена борба. Во таа борба македонскиот народ гледаше гарант во остварувањето на своите вековни идеали. Беше тоа и решителна пресметка со сите оние сили што и во минатото, и тогаш, настојуваа неговата револуционерна борба да им ја потчинат на своите хегемонистички интереси. Истовремено, беше тоа и цврста решеност, низ вооружената борба заедно со народите и народностите на Југославија да се обезбедат и нови општествени односи и нова рамноправна заедница на југословенските народи и народности.

Овогодишната прослава на 11 Октомври се совпаѓа со 40-годишнината од значајни историски настани на славната 1943 година.

— 40-годишнината од формирањето на крупните воени единици и израснувањето на Народноослободителната војска во Македонија, како и постоењето на слободните територии каде што се раѓаше и развиваше во широки димензии револуционерната народна власт на идната слободна македонска држава. Деновиве се навршија и 40-години од познатиот Манифест на

* Говор на народниот собир и митинг на централната републичка прослава во Охрид, 11 октомври 1983

Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди во Македонија. Наскоро ќе ја одбележиме и 40-годишнината од Второто заседание на АВНОЈ со чии одлуки македонскиот народ стана рамноправен член на федералната заедница на збратимените и рамноправни народи и народности на Југославија.

Во јубилејната година достојно се вклучуваат и четирите децении од Фуштанското советување и Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија.

Оние крупни настани се од историско значење за натамошниот разгор на Народноослободителната војна во Македонија и нејзиното доведување до победоносен крај со што е извојувана национална и социјална слобода на со векови обесправениот македонски народ и на народностите што живеат во него, но едновремено и создавање на прва македонска слободна држава во еден негов дел во рамките на нова Југославија, што имаат длабок континуитет на вооружената борба на народите и народностите на Југославија што под раководството на КПЈ и другарот Тито ја започнаа во 1941 година.

Решителниот отпор што голем број партиски организации во Македонија го дава на директивите на тогашното партиско покраинско раководство на чело со Методи Шаторов-Шарло за чекање и невлегување во вооружена борба, интервенцијата на Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија и другарот Тито против едностраниот акт на припојување на партиската организација во Македонија кон Бугарската работничка партија, потоа расчистувањето со Шарло и формирањето на новиот Покраински комитет и создавањето на првите партизански одреди беа од суштинско значење за дефинитивна победа на стратегијата на КПЈ дека постојат објективни услови за развој на партизанското движење во Македонија. Првите партизански одреди во 1941 година беа она јадро околу кое се разви широко партизанско движење и се разгоре масовниот отпор на нашиот народ против окупаторот. И покрај определени слабости и лутања во Покраинскиот комитет, сврзани и со мешањето на Бугарската работничка партија преку својот претставник во Македонија, со упорна политичка работа со народните маси и со сè позасиленото дејствување на партизанските одреди во 1941 и 1942 година, партиската организација во Македонија успеа цврсто да се поврзе со народните маси. И покрај силната воена, управна и пропагандна машинерија на германискиот, бугарскиот и италијанскиот окупатор, којшто со сите расположливи средства дејствуваше во Македонија, која веќе ја доживеа својата нова поделба и распарченост, со громогласните декларирања за создавање на голема Бугарија и голема Албанија народот имаше еден одговор: Со пушка во рака да се бори за истерување на фашистичките окупатори и за создавање нов живот — онаков каков што тој го сака. Со самопрегор и упорна

политичка работа на партиските организации, чувството, дека само со вооружена борба ќе се ослободи сè посилно растеше кај најголемиот дел од народот. Партијата сè повеќе цврсто сраснуваше со народот и го подготвуваше за пресудните битки. Окупаторот и неговите слуги сè повеќе беа изолирани, а силното дејство на партизанските одреди создаде услови за масовно оружено востание. Од трите партизански одреди во 1941, во 1942 година израснаа девет, а во 1943 година започнува масовното формирање на нови партизански одреди. Притоа, мора да се истакне огромна улога и помошта што ја дадоа Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија и другарот Тито во зацврстувањето на партиската организација во Македонијаи во развитокот на вооруженото востание, со директивни те укажувања и со личното присуство и учество на претставници на највисокото партиско тело во развојот на партизанското движење на Македонија, како составен дел на вооружената борба на сите народи и народности на Југославија.

Огромно и пресудно значење за натамошниот разгор на вооружената револуција во Македонија има формирањето на Комунистичката партија на Македонија и Првата седница на нејзиниот Централен комитет, одржана на 19 март 1943 година во Тетово. Тоа беше логичен израз на долгогодишната борба на комунистите во Македонија. Создавањето на Комунистичката партија на Македонија имаше големо значење за развојот на востанието, а во широките народни маси се одрази како чекор напред кон ослободувањето и како гаранција за рамноправен статус во новата заедница на народите и народностите на Југославија што се раѓаше низ борбата.

Одлуките на Првата седница на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија и нивната реализација за реорганизација на партиската организација и формирањето пет обласни комитети; за преземање поостри мерки против колебливите и опортунистички елементи во Партијата ;за позасилена работа во создавањето единствен народноослободителен фронт; за зајакнување на постојните и за формирање нови партизански одреди и пренесување тежиштето на борбите на територијата под италијанска окупација, за излегување на раководствата на Партијата и оружените сили на терен, за реорганизација на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и создавање на пет оперативни зони, дадоа силен поттик на натамошниот разгор на вооружената борба. Таквиот курс придонесе во првата половина на 1943 година Народноослободителната борба во Македонија да бележи големи успеси. Кичевско, Дебарско, Битолско, Преспа, Тиквеш и Кумановско, станаа силни жаришта на оружената борба од ка-

де што таа брзо и успешно се ширеше низ цела Македонија. Приливот на нови борци во партзанските одреди беше сè поголем. Се создаваа услови за брзо проширување на органите на народната власт, како и за формирање на повисоки органи на власта.

Нов поттик на вооружената борба и на развојот на народната власт дадоа одлуките на Преспанското советување и состанокот на ЦК на КПМ — одржан од 2—4 август 1943 година во реонот на Отешево во Преспа. Овде, врз база на двегодишното воено искуство на партизанските одреди, како што е познато, се заклучи да се пристапи кон формирање на воени единици, способни за дејствување низ цела Македонија и пошироко. Едновремено се реши да се засили уште повеќе работата на партиските организации и засилено да се работи врз проширувањето на мрежата на народните одбори и да започнат подготовките за свикување и конституирање на највисокото претставничко тело — АСНОМ.

Масовноста на востанието, силните удари нанесени на окупаторот, создавањето на слободни територии, го постави на дневен ред и создавањето на покрупни воени единици, односно создавањето на Народноослободителната војска на Македонија. Така, на 18 август 1943 година е формиран баталјонот „Мирче Ацев", на 24 септември баталјонот „Страшо Пинџур", отпочна процес за брзо создавање на баталјони во I, II, III и V оперативна зона. На 11 ноември 1943 година во село Сливово се формира Првата македонско-косовска бригада, а на 20 декември истата година, се формира Втората македонска ударна бригада. Тоа беше крупно сведоштво за силата на нашата Народноослободителна борба, за нејзиниот сенароден карактер, за истрајноста да ја извојуваме долгоочекуваната слобода и национална рамноправност. Пренесувајќи ја борбата на целата територија и нанесувајќи сè посилни удари на окупаторот, нашите партизански единици израснаа во вистинска народна војска. Таа „Македонска војска", како што народот ја викаше, ја дочекуваше и масовно стапуваше во неа. Нашата народноослободителна војска на дело ја спроведуваше политиката на братство и единство и рамноправност меѓу нашите народи и народности. Заеднички се бореа и гинеа Македонци, Албанци, Турци, Срби, Хрвати, Словенци, Босанци

Истовремено со разгорот на борбата и со формирањето на крупните воени единици се шири и развива револуционерната народна власт. Посебно значење за натамошниот развој на народната власт има создавањето на слободна територија во Западна Македонија, во септември 1943, и слободните територии во Тиквешко, Гевгелиско, Кумановско. Истовремено илегални народноослободителни одбори се формираат на неослободените подрачја. На слободната територија се развива интензивен опште-

ствено-политички живот. Се раѓаат никулците на народната просвета, школство, судство. Покрај развојот на партиските и скоевските организации — израснуваат во целата своја ширина Народниот фронт, младината, Антифашистичкиот фронт на жените.

Во тие услови се јавува и Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ во кој е изнесена платформата на Народноослободителната борба во Македонија. Во него се изнесени основните цели на оружената борба на македонскиот народ. Во него е подвлечено дека народот се бори за своето национално, социјално, економско и културно ослободување. Оружената борба — се подвлекува во Манифестот, во Македонија се води и за заеднички живот на Македонците, Албанците, Турците и Власите, како и другите народности што со векови заедно живеат во Македонија. Со објавувањето пред широката јавност за каква Македонија се бори македонскиот народ, се даваат основните поставки за темелите врз кои се гради нова и слободна Македонија, изразени во Манифестот со зборовите: „Ние ќе направиме братски сојуз со сите југословенски народи врз база на полна национална рамноправност со српскиот, хрватскиот, словенечкиот и другите народи на Југославија".

Подемот на востанието во Македонија беше можен затоа што нашиот народ ја прифати политиката на КП како своја, како израз на своите најдлабоки национални и социјални стремежи. Рамо до рамо со народите и народностите на Југославија ,со своите доследни сојузници ја прифати заедничката борба за создавање на нова Југославија во која македонскиот народ стана рамноправен член со сите народи и народности на Југославија остварено со историските решенија на Второто заседание на АВНОЈ.

Голема е, исто така ,улогата на единиците на Народноослободителната војска на Македонија во зацврстувањето на односите со албанскиот, бугарскиот и грчкиот народ, во поврзувањето на нашата Народноослободителна војна со движењето на соседните балкански земји. Така, како резултат на сè поширокиот размав на нашата борба беше формиран баталјонот „Христо Ботев" од бугарските заробени војници и тие што преминаа во редовите на нашите единици. Присуството на нашите единици во Егејска Македонија, соработката и содејството со партизанските одреди во Албанија, масовното учество на Македонците во народноослободителните движења во Пиринска и Егејска Македонија, зборува за доследно спроведена интернационалистичка линија на нашата Партија, која се раководеше исклучиво од интересите на сестраниот разгор на вооружената борба против фашистичките агресори.

Во 1944 година во составот на Народноослободителната војска на Југославија се изградува армија на македонскиот на-

род од 24 ударни, 4 артилериски, 3 инженерски, 1 коњичка и 1 моторизирана бригада, групирани во седум дивизии и 3 корпуси, со територијална мрежа од осум подрачја со 34 месни команди, со посебни единици. Оваа армија од 7 дивизии, во процесот на своето растење, покрај тешките борби 1941 и 1942, во 1943 и 1944 година изведе повеќе операции, како што беа: Второто ослободување на Кичево, одбрана на слободната територија во Западна Македонија и др., потоа: офанзивите на граничниот појас од Вардар до Мариово, Февруарскиот поход, Пролетната офанзива и Завршните операции за ослободување на Македонија. Македонскиот народ од оваа армија испраќа еден корпус и на Сремскиот фронт чии единици, како и сите единици во борбите и офанзивите, покажаа масовна храброст, пожртвуваност и упорност. На браникот на слободата останаа над 26.000 борци и уште двапати повеќе жртви од фашистичкиот терор. Ним им должиме вечна благодарност, слава и обврска дека со сите сили и сета упорност ќе ги браниме придобивките што ги извојувавме во големата Народноослободителна војна и револуција.

Во историската победа во Народноослободителната војна се реализира вековниот сон на македонскиот народ за национална и социјална слобода, создавањето на слободна Република Македонија, суверена држава на македонскиот народ и на народностите што живеат во неа, рамноправна во братската социјалистичка самоуправна заедница на југословенските народи и народности. Се разбира дека без промената на класните односи не би постоела ниту југословенската заедница каква што е денес, без братството и единството и рамноправноста што ги извојуваме со крвта на нашите најдобри синови, не би биле можни ниту слободата и сестраниот општествен подем на Социјалистичка Република Македонија. За изминатите речиси скоро четири децении слободен живот, македонскиот народ, Албанците, Турците и етничките групи што живеат во СР Македонија оствари крупна општествено-економска и културна преродба што го измени и ликот на оваа земја и животот на луѓето. Таков развој беше единствено можен во слободна, социјалистичка и неврзана Титова Југославија. Тоа беше силата што не крепеше да ги издржиме политичките и економските притисоци што од самото раѓање се вршеа врз нова Југославија, тоа беше силата да ги совладаме сите пречки и тешкотии на нашиот бурен развој

Тоа е гаранција дека и денес со таа сила можеме да ги совладаме тешкотиите пред кои е исправена нашата социјалистичка револуција. Треба да бидеме свесни дека тие не се ниту мали, ниту лесни. Денеска се соочуваме со сериозни тешкотии на економски план, како резултат на сопствените спротивности и слабости и како влијание на општата економска нестабилност во светот. Сè уште — како што беше истакнато и на проширената седница на Претседателството на ЦК СКЈ, бавно и недовол-

но се спроведува политиката на економска стабилизација. Имаме појави на неодговорност, на стихијна ориентација, на затвореност, на отпори од технобирократски и други антисоцијалистички сили. Се активираа внатрешните и надворешните непријатели кои настојуваа нашите тешкотии и слабости да ги искористат за борба против стабилноста и независноста на нашата земја. Се соочивме со контрареволуционерно дејствување на албанскиот национализам и иредентизам и со пораст на сите видови национализам и шовинизам.

Ги знаеме своите слабости и тешкотии, но ги знаеме и противниците на нашиот социјалистички и револуционерен општествен развој. Гарант за успех и во оваа ситуација е широката платформа на нашата Револуција: Титовиот курс и политика, социјалистичкото самоуправување, братството и единството и рамноправноста на нашите народи и народности, нашата неврзана политика, кохезиониот фактор на нашето единство — Сојузот на комунистите на Југославија. Ја утврдивме и прифативме Долгорочната програма за економска стабилизација. Огромниот дел од нашата работничка класа, работните луѓе и граѓаните, борците, младината ги прифаќаат тие определби како единствена алтернатива. За реализирање планот на економската стабилизација, мораме повеќе да ги збиеме нашите редови, повеќе да работиме, повеќе да произведуваме со полна одговорност да самоуправуваме, да го јакнеме братството и единството, заедништвото и силината на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Денес должни сме со уште поголема одговорност и грижа да ги сфатиме перманентните настојувања на другарот Тито за изградување и чување на братството и единството, бидејќи невидливи се силите што настојуваат да го разбијат.

Денес во светот одново на политичката сцена, во извонредно остри форми, се појави студената војна. Во таа студена војна, перманентно тлеат жаришта на војна во Африка, Азија и Јужна Америка. Студената војна меѓу двата блока и жариштата на војна, претставуваат потенцијална опасност за нова светска војна, која со оглед на современото вооружување, претставува голема опасност за целиот свет. Во овие темни облаци над земјата, единствена светла точка претставува движењето на неврзаните земји.

Југославија и нејзиниот претседател Тито беше основач на движењето на неврзаните, таа и денес останува негов доследен поборник и решителен борец за мир, за нови, рамноправни односи меѓу земјите и народите во светот. Врз тие основи е заснована и нашата политика и соработка со соседните земји. Секогаш сме се залагале и ќе се залагаме за сестран развој на односите со соседните земји, сме биле и остануваме против мешањето во внатрешните работи и против секое посегнување кон нашата земја, што за жал сè уште се прави од некои сосед-

ни земји. Го почитуваме суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на секој народ. Сме мислеле и мислиме дека значаен фактор на мирот и соработката е признавањето и почитувањето на нашите национални малцинства во тие земји. Но, на таквата политика некои соседи на Балканот одговараат со напади. Така раководството на Албанија ги поттикнува иредентистите во Југославија, а во Бугарија со посебна цел се поддржува пишувањето на разни квази студии и на друг начин негирањето на постоењето на Македонците и Македонија, кон ова негирање се приклучија и некои весници во Грција. Со ова всушност, се негира АВНОЈ-евската Југославија и нашата борба. Многу лекции од историјата очигледно сè уште не се научени.

Денес кога ја обележуваме 42-годишнината од Октомвриските востанички истрели и четири децении од создавањето на крупните воени единици и слободните територии, Второто заседание на АВНОЈ, како и други значајни настани во славната 1943 година, гледајќи ги резултатите на изминатиот пат, ја изразуваме полната увереност и готовност на комунистите, борците, работните луѓе, граѓаните, младината да ги чуваат и продлабочуваат придобивките на нашата Револуција, да ја чуваат и јакнат независноста на социјалистичка самоуправна Југославија. Ние цврсто и упорно ќе се бориме против секој што ќе се обиде да го наруши единството на нашите народи, да посегне кон нашата независност и нашето социјалистичко самоуправување, кон нашата неврзана политика, бидејќи тие се основен гарант за натамошната иднина на секој наш народ посебно и на сите заедно.

Mihailo Apostolski

## 40 TH ANNIVERSARY FROM THE FORMATION OF LARGE MILITARY UNITS IN MACEDONIA


### Summary

Fourty two years ago by the rebel's shots in Prilep and Kumanovo, the Macedonian people began writing its most significant page of its history. On October 11, 1941, the Macedonian people togehter with the other peoples and minorities in Yugoslavia joined the mutual struggle against the fascist occupiers under the leadership of the Comunist Party and Josip Broz Tito, for its national and social freedom.

This year is the 40th anniversary from the formation of large military units and growing out of the People's Liberation in Macedonia and 40th anniversary from the well-known Manifesto of the Main Staff of the People's Liberation Army and Part-

izan Detachments in Macedonia, in which the platform for the People's Liberation Struggle in Macedonia was given.

The formation of the Comunist Party of Macedonia in 1943 represented a logical expression of the long year struggle of the communists in Macedonia and had a great significance for the development of the uprising in Macedonia.

Large military units were formed with formation of free teritorries, when, formation of the people's liberation army of Macedonia begins. Thus, on August 18, 1943 was formed the batallion of „Mirche Atsev" on September 24th, the battallion of „Strasho Pinžur" and after that the batallions in the 1st, 2nd 3 rd and 5 th operative zone. The first Macedono-Kossovian brigade was formed in Slivovo on October 11, 1943. Intensive socio-political life on the free teritorries was developing. The people's education, schooling, law were turning up.

Finally, the author concludes that by the historical decisions of the Second Session of AVNOY and by the historical victory of the people's liberation struggle the eternel aim of the Macedonian people and minorities in Macedonia has been realised. Present day Socialist Republic Macedonia became an equal republic in the brotherly socialist self-management community of the Yugoslav peoples and minorities (SFRY).